Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Судскиот совет на Република Северна Македонија врз основа на член 45 и 46 став 1 точка 3, 4 и 5 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19) и член 46 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр.102/19), објавува

# О Г Л А С

-За избор на 6 (шест) судии на Врховен суд на Република Северна Македонија, од кои 3 (тројца) судии за граѓанска област и 3 (тројца) судии за кривична област;
-За избор на 10 (десет) судии на Апелационен суд Скопје, од кои 6 (шест) судии за граѓанска област и 4 (четири) судии за кривична област;
-За избор на 4 (четири) судии на Апелационен суд Битола, од кои 3 (тројца) судии за граѓанска област и 1 (еден) судија за кривична област;
-За избор на 2 (двајца) судии на Апелационен суд Гостивар, за граѓанска област и
-За избор на 1 (еден) судија на Апелационен суд Штип, за граѓанска област.

Кандидатите за избор на судија на Врховен суд на Република Северна Македонија и на Апелационен суд треба да ги исполнуваат условите предвидени во член 45 и член 46 став 1 точка 3, 4 и 5 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19).

Заинтересираните кандидати, потпишаната пријава заедно со потребната документација со која се потврдува дека ги исполнуваат потребните услови согласно законот, во оригинал или заверена копија од нотар да ги достават до Судскиот совет на Република Северна Македонија, ул.„Македонија" бр.5 Скопје, во рок од 15 дена од денот на објавувањето во Службен весник на РСМ. Образецот за пријава може да се подигне во електронска форма на web страната на Судскиот совет на Република Северна Македонија на следната адреса: http://www.sud.mk/wps/portal/ssrm/sud/izvestai/ostanati-dokumenti. Ненавремени и пријави со нецелосна документација нема да се разгледуваат.

Кандидатите кои ги исполнуваат условите полагаат психолошки тест и тест за интегритет согласно член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.150/10). Од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија ќе бидат спроведени психолошкиот тест и тестот за интегритет за кандидатите кои ги немаат положено тестовите, како и проверка на знаење на практична работа со компјутери.

По однос на термините за полагање на тестовите и проверка на знаење на практична работа со компјутери, кандидатите ќе бидат дополнително известени од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Трошоците за полагање на психолошкиот тест и тестот за интегритет паѓаат на товар на кандидатите.

**Бр.09-.2470/2,09-2471/2,**
**2472/2, 2473/2 и 2474/2**
**12.12.2023 год.**
**Скопје**

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сашко Георгиев**